***ООУ„ДИМИТАР МИЛАДИНОВ“***
***Центар,Скопје***

# ИЗВЕШТАЈ
# ОД СПРОВЕДЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

**период на подготовка:**
**2021/22 – 2022/23 учебна година**

**август 2023 година**

**Училишна комисија за спроведување на самоевалуација:**

- **Анета Танчева, одделенски наставник**
- **Митра Цилевска, предметен наставник**
- **Аида Петровска,предметен наставник**
- **Ана Ристеска-Мурџева, стручен соработник**
- **Ирена Гуржовска,родител**

**Директор: Марија Варсамис Симоновска**

## СОДРЖИНА на документот


| **Содржина** | **страна** |
|---|---|
| Податоци за училиштето | 3 |
| Визија и Мисија | 4 |
| Податоци за учениците | 4 |
| Подрачје 1 | 5 |
| Подрачје 2 | 8 |
| Подрачје 3 | 11 |
| Подрачје 4 | 17 |
| Подрачје 5 | 22 |
| Подрачје 6 | 27 |
| Подрачје 7 | 31 |
| Прилози:<br>Резултати од анкети со наставници<br>Резултати од анкети со ученици<br>Резултати од анкети со родители | 33 |

| Податоци за училиштето | |
|---|---|
| Име на основното  училиште | ООУ„Димитар Миладинов“ |
| Адреса,општина,место | Бул.„Кочо Рацин“17 Центар Скопје |
| Телефон | 3161448/3114216 |
| Факс | 3114216 |
| Веб-страница | www.ooudimitarmiladinov.edu.mk |
| Е-маил | **ou-dimitarmiladinov-centar@schools.mk** |
| Директор | Марија Варсамис Симоновска |
| Основано од.. | Министерство за образование и наука |
| Верификација-број на актот | 10-4291/3 од1999 година |
| Година на изградба | 1959 година |
| Тип на градба | Тврда градба |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 6417метри квадратни |
| Училиштен двор(m2) | 14343метри квадратни |
| Површина на спортски терении игралишта | 3802метри квадратни |
| Начин на загревање на училиштето | централно греење |
| Училиштето работи во смени | една |
| Број на паралелки | 26 |
| Број на комбинирани паралелки | / |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Вработени | 67 |
| Наставен кадар | 51 |
| Стручни соработници | 4 |
| Административни работници | 1 |
| Техничка служба | 10 |

**ВИЗИЈА**

Задоволство и радост во учењето и работата е цел кон која тежнееме.Градиме атмосфера на доверба, почитување итолеранција.Се стремиме да не препознаваат ипомнат како современо и ефективно училиште,лидер во општината, регионот.

**МИСИЈА**

Училиштекое ја негува современата настава и го поттикнува личниот и социјалниот развој на учениците, обезбедувајќи им индивидуален напредок во постигањата и вештините.

Учениците, наставниците, родителите-сите заеднички придонесуваме воградење на современо училиште.

**Податоци за учениците**

**учебна 2022/23 година**

| Одд. | Број на пар. | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | Власи | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **I** | 2 | 57 | 35 | 20 | / | / | / | / | / | | / | 2 | / | / | / | / |
| **II** | 3 | 78 | 37 | 38 | / | / | / | / | / | 1 | / | 0 | 1 | 1 | / | / |
| **III** | 3 | 67 | 35 | 29 | / | 1 | / | / | / | / | / | 2 | / | / | 0 | / |
| **IV** | 2 | 53 | 26 | 23 | / | / | / | / | / | 1 | / | 1 | / | 1 | 1 | / |
| **V** | 3 | 74 | 36 | 34 | / | / | / | / | / | / | 3 | / | / | 1 | / | / |
| **Вк.I-V** | **13** | **329** | **169** | **144** | / | 1 | / | **1** | **/** | **2** | **3** | **5** | **1** | **3** | **1** | **0** |
| **VI** | 3 | 59 | 30 | 27 | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **VII** | 4 | 88 | 41 | 40 | / | / | / | / | 1 | 2 | / | / | 2 | / | 1 | / |
| **VIII** | 3 | 72 | 40 | 27 | / | / | / | / | / | / | / | 1 | / | / | 3 | 1 |
| **IX** | 3 | 79 | 37 | 39 | / | / | / | / | / | / | 1 | / | / | / | / | 2 |
| **Вк.VI-IX** | **13** | **298** | **148** | **133** | **/** | **0** | **0** | **1** | **1** | **2** | **1** | **1** | **2** | / | **4** | **3** |
| **Вк.I-IX** | **26** | **627** | **317** | **277** | / | **1** | **0** | **2** | **1** | **4** | **4** | **6** | **3** | **3** | **5** | **3** |

## *ПОДРАЧЈЕ1.* НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

| *ПОДРАЧЈЕ 1.* **НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ** |
|---|
| **1.1 Реализација на наставните планови и програми**<br>**1.2 Квалитет на наставните планови и програми**<br>**1.3 Вонаставни активности** |
| |
| **1.1 Реализација на наставните планови и програми** |
| **Извори на податоци**:<br>Наставни планови, глобални, тематски и дневни планирања на наставниците, одд.дневници, програми за работа на училиштето, извештаи за работата на училиштето, наставничко портфолио, ученичко портфолио, програми за работа на стручни активи, записници од седници на Наставнички совет |
| **Информации и согледувања :**<br>Училиштето ги реализира наставните планови и програми во целост.<br>Учениците и родителите се информираат за целите на наставните планови и програми што се реализираат: од наставниците на наставните часови, на состаноците со родителите, на седниците на Совет на родители, а информирани се и за начинот на достапност преку интернет (веб – страница на БРО).<br>Постои процедура за изготвување на ИОП (индивидуализиран пристап,соработка со родители и стручни соработници, соработка со соодветни институции). Наставниците кои имаат ученици со посебни образовни потреби тимски изработуваат квалитетни индивидуални образовни планови.(72% од наставниците одговориле 4-5)<br>Според насоките од МОН и БРО учениците треба да вршат избор, по пат на анкета, на вториот странски јазик и на изборните предмети согласно наставниот план, пред крајот на претходната учебна година сé со цел распоредување на наставниот кадар.<br>Постои Проширена програма за организација и реализација на воспитно-образовната работа во одделенска настава; во Годишната програма за работа на училиштето се испланирани слободните ученички активности, кои училиштето ги организира за развивање на различните интереси на учениците, како и учеството на ученичките натпревари (од акредитирани здруженија на општинско, регионално и државно ниво). |
| **1.2 Квалитет на наставните планови и програми** |
| **Извори на податоци:**<br>Наставни планови, глобални,тематски и дневни планирања на наставниците, одделенски дневници, програми за работа на училиштето, извештаи за работата на училиштето, наставничко портфолио, ученичко портфолио, програми за работа на стручни активи, |

записници од седници на Наставнички совет, записници од увид на советници и инспектори, анкети со наставници, ученици, родители, педагошка документација, фотодокументација, видеодокументација.

**Информации и согледувања:**
Во склоп на одделни наставни предмети се реализираат наставни содржини кои согласно целите во наставните програми промовираат родова и етничка рамноправност и мултикултурализам; се реализира и програма за унапредување на мултикултурализмот/ интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција.
Во планирањата на воспитно – образовната работа апсолутно се води сметка за максимално искористување на капацитетите со кои располага Општината и за остварување на успешна соработка во реализирање на заеднички активности.
Една од целите во рамки на делувањето на стручните активи е и планирањето и реализацијата на интегрирани наставни содржини. Се разработуваат стручни теми и се реализираат отворени часови, со анализи, согледувања и насоки за унапредување на интегративниот пристап.
Можноста за влијание врз наставните планови е најголема за наставниците. Во текот на реализацијата на наставата наставниците задолжително прават рефлексија, ги забележуваат своите согледувања, забелешки и сугестии; истото прашање се третира и во работата на стручните активи; при средбите со одговорни советници од БРО се искажуваат во усна и пишана форма сумираните искуствени резултати.Постојат можности учениците, родителите и наставниците да влијаат врз начинот на реализацијата на наставните програми.Носител на тој процес е наставникот кој има можност во рамките на своето планирање да ја вклучи соработката со учениците и родителите (учениците стануваат активни во наставниот процес, а родителите имаат можност да дадат иницијативност и поддршка).

### 1.3 Воннаставни активности

**Извори на податоци**:
Записници од седници на Наставнички совет, фотодокументација, видеодокументација, педагошка документација, разговори со ученици, анкета со родители.

**Информации и согледувања :**
Наставните планови и програми одобрени од МОН, во училиштето целосно се реализираат, освен преку редовната настава и преку воннаставните активности.
Во училиштето се организираат голем број воннаставни активности во кои се вклучени сите ученици во зависност од нивните афинитети и можности. Наставниците ги забележуваат интересите на учениците и достигнувањата и ги користат овие информации за да ги мотивираат учениците да се вклучат во различни воннаставни активности. Придобивки од воннаставните активности се: учество во манифестации во училиштето и надвор од него, проширување на знаењата, правилно користење на

| |
|---|
| слободното време и социјализација. Има голема соработка со општината.<br>Според родителите треба да има подобар избор на вонНаставните активности кои би им се понудиле на учениците. |
| **Подрачје бр.1 НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ** |
| **Јаки страни:**<br>- Училиштето и наставниците целосно ги реализираат наставните планови и програми;<br>- Учениците, наставниците и училиштето се афирмираат преку реализација на постоечките вонаставни активности;<br>- Постигнување на значајни резултати. |
| **Слаби страни:**<br>- Недоволен избор на вонНаставни активности кои им се нудат на учениците;<br>- Недоволен интерес како од учениците така и од наставниците за вонНаставните активности;<br>- Мал број испланирани активности кои придонесуваат за развивање претприемнички вештини кај учениците;<br>- Немотивираност;<br>- Недоволна соработка меѓу предметните и одделенските наставници. |
| **Приоритети:**<br>- Да се работи на можности за избор на нови вонНаставни активности кои би им се понудиле на учениците;<br>- Да се зголеми работа во проекти кои ги задоволуваат потребите и интересите на учениците, а се во склоп на вонНаставните активности;<br>- Да се организираат предавања за заштита на животната средина со што се придонесува за подигање на свеста за чиста животна средина. |

## *ПОДРАЧЈЕ 2.* ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

| *ПОДРАЧЈЕ 2 .* **ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ** |
|---|
| **2.1 Постигнувања на учениците**.<br>**2.2 Задржување/осипување на учениците**<br>**2.3 Повторување на учениците** |
| |
| **2.1 Постигнувања на учениците** |
| **Извори на податоци**:<br>Планирања на наставниците, Правилник за унапредување на оценувањето на постигнувањата на учениците, инструменти за следење и вреднување на ученичкитепостигнувања, полугодишни и годишни извештаи за работата и постигнатите резултати, резултати од натпревари, главни книги, одделенски дневници, анкети за наставници, родители и ученици. |
| **Информации и согледувања :**<br>Постигањата на учениците се следат по класификациони периоди. Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол и етничка припадност, по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди во текот на учебната година. Бројот на ученици од друга национална припадност е мал.<br>Училиштето презема конкретни активности за подобрување на успехот кај некои ученици со тоа што го иззема наставникот од оценувањето и вреднувањето.<br>Постигнати се значајни резултати и освоени награди на бројни натпревари - на општинско, градско, државно и меѓународно ниво. Наставницитеги следат учениците со потешкотииво учењето, развива диференциран пристап, се остварува соработка со родителите за начинот на следење и помош на детето; се гради атмосфера на соработка и помош меѓу учениците во паралелката; се остварува соработка на релација наставник-дефектолог - ученик – родител.<br>Вотекот на целата учебна година училиштето реализира дополнителна и додатна настава за учениците и 50% од родителите на прашањето „Задоволен сум од квалитетот на додатната и дополнителната настава во училиштето“ се изјасниле со оценка 4-5. Потребно е доследно да се применува систем за наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците што го помогнале тоа во сите области.<br>Се планираат и реализираат вонраставни активности.<br>По некои предмети учениците се вклучуваат во проектни активности. (и преку Microsoft Teams)<br>Наставниците работат на подобрување на интеркултурните компетенции кај |

| |
|---|
| учениците (77% 4-5). Според анкетата спроведена за наставници, скоро половина од учениците не располагаат со интеркултурни компетенции. |
| **2.2 Задржување/осипување на учениците** |
| **Извори на податоци:**<br>Список на деца од реонот на училиштето, главни книги, одделенски дневници, полугодишни и годишни извештаи за работата и постигнатите резултати. |
| **Информации и согледувања:**<br>Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби со кои по договор дополнително работи и дефектолог.<br>Училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата (оправдано и неоправдано) и соработува со родителите за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата.<br>Нема осипување на ученици; има само случаи кога учениците го продолжуваат своето образование во странство.<br>Преминот на ученици од едно во друго училиште се врши согласно Законот за основно образование. |
| **2.3 Повторување на учениците** |
| **Извори на податоци**:<br>Годишни извештаи за работата и постигнатите резултати, педагошка евиденција и документација |
| **Информации и согледувања:**<br>Нема ученици кои ја повторуваат годината. |
| **Подрачје бр.2  ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ** |
| **Јаки страни:**<br>- Се унапредува процесот на вреднувањена постигнувањата на учениците;<br>- Се јакнат професионалните компетенции на наставниците;<br>- Родителите редовно се информирани за постигањата на учениците. |
| **Слаби страни:**<br>- Професионалните компетенции на наставниот кадар во делот на работа со ученици со посебни образовни потреби;<br>- Недостасува поголема соработка и ефикасно тимско работење за оваа подрачје во координација со МОН, БРО, Општина. |

**Приоритети:**

- Планирање на мултикултурни работилници;
- Подобрување на наставниот процес во делот на диференциран пристап во учењето;
- Подобрување на наставниот процес во делот поддршка на талентираните ученици;
- Планирање на заеднички воннаставни активности на ниво на активи.

**Приказ на постигнатиот успехот на учениците во последните три учебни години**

| | одделение | среден успех | оправдани изостаноци | неоправдани изостаноци | вкупно изостаноци |
|---|---|---|---|---|---|
| **учебна 2022/23** | 1-5 д. | 4,95 | 4825 | 0 | 4825 |
| | 6 - 9 одд. | 4,88 | 11229 | 385 | 11614 |
| | 1 - 9 одд | 4,90 | 16054 | 385 | 16439 |
| **учебна 2021/22** | 1 - 5 одд. | 4,97 | 5932 | 0 | 5932 |
| | 6 - 9 одд. | 4,88 | 6506 | 196 | 6702 |
| | 1 - 9 одд | 4,91 | 12438 | 196 | 12634 |
| **учебна 2020/21** | 1 - 5 одд. | 5,00 | 271 | 3 | 274 |
| | 6 - 9 одд. | 4,94 | 1313 | 39 | 1352 |
| | 1 - 9 одд | 4,96 | 1584 | 42 | 1626 |

## *ПОДРАЧЈЕ БР.3* УЧЕЊЕ И НАСТАВА

| *ПОДРАЧЈЕ БР.3* УЧЕЊЕ И НАСТАВА |
|---|
| **3.1 Планирања на наставниците**<br>**3.2 Наставен процес**<br>**3.3 Искуства на учениците од учењето**<br>**3.4 Задоволување на потребите на учениците**<br>**3.5 Оценувањето како дел од наставата**<br>**3.6 Известување за напредокот на учениците** |
| |
| **3.1 Планирања на наставниците** |
| **Извори на податоци**:<br>Наставни програми; глобални, тематски и дневните планирања на наставниците; чек листи за евиденција на планирањата; записници од седници на Наставнички совет; програми и извештаи за работа на стручни активи; план за професионален развој |
| **Информации и согледувања :**<br>Наставниците за реализацијата на наставните програми изработуваат глобално, тематско и дневно планирање.<br>Кај директорот задолжително се доставуваат глобалното и тематските планирања, претходно комисиски прегледани со евиденција во чек листи.<br>Наставниците тековно изготвуваат индивидуално планирање - дневни подготовки – согласно концепцијата, односно насоките за планирање дадени од БРО.<br>Во текот на годината од страна на директорот и стручните соработници се прави увид во планирањето.<br>Наставниците за ефикасно планирање соработуваат меѓу себе во рамките на стручните активи. Соработката на ниво на активи наставниците ја оценуваат со оценка 4 (50%) и 5 (10%).<br>Поддршка се овозможува: преку соработката со стручните соработници, учество на обуки и семинари, користење на стручна литература, интерни дисиминации, посета на часови и размена на искуства, вложување во материјално-технички услови, соработка со соодветните советници од БРО.<br>Распоредот на часови се изготвува согласно Наставниот план од МОН. |
| **3.2 Наставен процес** |
| **Извори на податоци**::<br>Тематски подготовки; дневни подготовки; евидентни листи за вреднување на час, анкети со ученици, извештаи од стручни активи, професионално досие. |
| **Информации и согледувања:**<br>Работата на наставниците се вреднува преку следење на планирањето и реализацијата на истото, преку испитување на мислењето на учениците и родителите; резултатите се основа за советодавно-консулатативна работа, за организирање на интерни работилници на одредени теми, за вклучување на наставниците во одредени екстерни |

обуки и семинари.
Сознанијата и искуствата од посетените семинари и обуки се вградуваат во наставниот процес.
Во наставата се применуваат различни форми и методи на работа и интеракција со учениците, техники на активно учење, ИКТ, истражувачки постапки, индивидуална работа, диференциран пристап. Од наставниот кадар согледана е потребата за подобрување на квалитетот на наставниот процес во целина, соодветно на потребите на учениците.
Примената на диференциран пристап е оценета со оценка 3 од 24%, со 4 од 41% ,со 5 од 35% од наставниците.
Примената на различни начини на проверување и оценување за да се добие реалната оценка за секој ученик е оценета со оценка 3-27% ,4-36%,5 -36%.
Користењето различни ресурси за настава и учење е оценето со 3 од 26 %, со 4 – 35%, со 5- 35% од наставниците.
Учениците се поттикнуваат и мотивираат да бидат активни учесници во наставниот процес преку примена на набљуденија, проектни активности, вреднување и презентирање на ученичките трудови. Активирањето на мнозинството од учениците, 61,5 % од учениците го оцениле со оценка 4-5. Помошта и советите кои ги добиваат од наставниците за подобрување на постигнувањата 67,2% од учениците го вреднувале со оценка 4-5, додека соработката меѓу учениците и наставниците 67,7 % ја оцениле со 4-5.
Сите претходно наведени аспекти од наставниот процес е потребно да се подобруваат: работната и мотивирачка атмосфера која поттикнува интерес за учење на часовите, 26% од наставниците ја оцениле со 3, 48% со 4, а 32% со 5.
Во однос на тоа колку е интересна наставата и колку се применуваат различни начини на работа и разновидни активности, 30,7 % од учениците одговориле со оценка 2 - 3, односно 25% со оценка 3, а 44,3% со оценка 4 – 5.
Во однос на тоа колку наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да го искажуваат своето мислење, да поставуваат прашања, да изведуваат заклучоци 15,7 % од учениците дале оценка 2, односно 21,4% - 3, а по 24% оценка 4 и 5.
Во своите предлози учениците бараат поголема нагледност во наставата, подобра техничка опременост на кабинетите, користење на различни ресурси, посебно набљуденија и посети.
Квалитетот и успешноста на наставата родителите ги оцениле со оценка 1- 4,2%, со 2- 14,4%, со 3- 25,1%,со 4-29,3% и со 5-26,9%.
Земајќи ја во предвид проценката од наставниците за расположливоста со нагледни средства, како и за навременоста во набавката на потрошни материјали за реализација на наставни и воннаставни активности, се констатира дека еден од условите за да се унапреди наставниот процес ида се овозможи реализација на активна, динамична, нагледна настава е потребно да сенаправат промени во финансиското планирање на училиштето.
Потребно е подобрување на наставниот процес со примена на различни форми и методи, со цел развивање на индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и подобрување на мотивацијата на учениците за активно учество.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

**Извори на податоци**:
Резултати од анкети со ученици, родители, наставници, записници од работата на ученичкиот парламент, записници од совети; евидентни листи за вреднување на час.

**Информации и согледувања:**
Во училиштето се работи на подобрување на условите за квалитетна организација и реализација на воспитно-образовната работа.

Во училиштето се гради атмосфера на заемно почитување и соработка на сите субјекти во воспитно-образовниот процес. Согласно Законот за основно образование и интерните Правилници за однесувањето во училиштето, поставени се основните принципи и правила за успешно одвивање на воспитно-образовната работа, подобрување на работната дисциплина и безбедност.
Посебно се нагласува потребата од соработка, постапност и конструктивност во пристапот на решавање на различните прашања и проблеми од училишниот живот.
Учениците се поттикнуваат и мотивираат да бидат активни учесници во наставниот процес, воннаставните активности и севкупниот училишен живот.
Учениците се анимираат за активно вклучување во училишниот живот, преку активностите на одделенските заедници и преку работата на ученичкиот парламент .
Можноста активно да се вклучат при решавање на училишни проблеми 7,2% од учениците ја оцениле со оценка 1,12,3% -2, 22,5% со 3, 28,3% со 4 и 29,7% со оценка 5.
Можноста да го искажат своето мислење, да даваат забелешки и предлози 6,5% од учениците ја оцениле со оценка 1, 12,2%-2, 18,7% со 3, 26,6% со 4 и 36% со оценка 5.
Односот на наставниците кон учениците во однос на праведноста и еднаквоста 12,9 % од учениците ја оцениле со 1,14,3% со 2, 25% со 3, 28,6% со 4, 19,3% со 5.
Примената на форми на кооперативно учење 7,1 % од учениците ја оцениле со оценка1, 12,1% со 2, 23,6% со 3, 25% со 4, 32,1 % со 5.
Учениците во своите забелешки и предлози ја истакнуваат потребата за планирање и реализација на заеднички активности, како во наставата преку примена на кооперативно учење, така и во воннаставните активности преку заеднички акции, посети.
Примената на методи и форми на работа кои овозможуваат меѓу учениците интеракција, градење на соработка, помош и почитување, 12% од наставниците ја оцениле со оценка 3, 39% со 4 и 48% со 5. Можноста учениците да го искажат своето мислење и тоа да биде земено предвид, 24% од наставниците ја оцениле со 3, 29% со 4 и 47% со оценка 5. Училишната средина како средина која овозможува развој на самопочитување и самодоверба кај учениците 10,8% од родителите ја оцениле со 1,18,6% со 2, 21,6%, со 3,25,7% со 4 и 23,4% со оценка 5.
Согледана е потребата за подобрување на наведените апекти, како и потребата за систематичност, континуираност и доследност во делувањето.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

**Извори на податоци**:
Педагошка евиденција - наставни планирања, планирања за додатна настава, дополнителна настава, за воннаставни активности, извештаи за реализацијата и постигнувањата.

**Информации и согледувања :**
Во овој процес, наставниците добиваат поддршка: преку меѓусебна тимска работа; преку соработка со стручните соработници; преку обезбедување материјално-технички услови; преку вклучување во семинари од соодветна област.
Образовните потреби на учениците се идентификуваат преку примена на дијагностички тестови, непосредно следење на постигнувањата, разговори за нивните потреби и интереси, нивната определба за учество во воннаставните активности
Се води грижа да се излезе во пресрет на потребите на учениците, не само на образовен план, туку и на социо-емоционален план. Клучна улога во овој процес имаат одделенските раководители и наставниците, во соработка со стручните соработници, преку непосредна комуникација со учениците и соработка со родителите. Стручните соработници реализираат стручно-консултативни средби со наставниците, советодавна работа со учениците, соработка и советодавна работа со родители. Ако се укаже потреба за повисок степен на помош, училиштето ги упатува родителите кон соодветни институции со кои соработува: Центар за ментално здравје, Центар за социјални работи, Државна комисија за проценка на видот на поддршка (по МКФ); Ресурсен

| |
|---|
| центар, Центар за рехабилитација на говор и слух<br>Во соработка со надворешни стручни лица и институции се реализираат активности од областа грижа за здравјето.<br>Помошта и советите кои ги добиваат од наставниците за подобрување на постигнувањата 67,2% од учениците го вреднувале со оценка 4-5<br>Исказот-Наставниците ги почитуваат потребите на учениците 22,8% од родителите го оцениле со 3, 25,7% со оценка 4, а 41,9 % со 5.<br>Еднаквиот придонес за учениците без разлика на полот, етничката припадност или социјалното потекло 16,7% од родителите го оцениле со оценка 3, 29,2% со оценка 4, а 47% со оценка 5.<br>Примената на различни форми и методи на работа согласно потребите на учениците,18% од наставниците ја оцениле со 3, 38% со 4 и 44% со оценка 5.<br>Соработката со стручните соработници 18% од наставниците ја оцениле со 3, 38% со 4, 44% со оценка 5.<br>Квалитетот на додатната и дополнителната настава во училиштето 10,1% од родителите го оцениле со 1, 15,5% со оценка 2, 23,8% со 3, 26,8% со оценка 4 и 23,8% со 5.<br>Во училиштето има училишен тим за инклузија, согласно ЗОО, формирани се инклузивни тимови за индивидуална работа со ученици, се изготвуваат индивидуални образовни планови, се следи реализацијата и се прави евалуација во соработка со дефектолог, кој е присутен еднаш неделно во училиштето. Потребна е професионална едукација на наставниот кадар во областа на работа со деца со посебни образовни потреби, како и развивавање на соработката со надлежниот ресурсен центар.<br>Прашањето со физичките бариери во училиштето не е решено.<br>Согледана е потребата за подобрување на наставниот процес во делот на примената на диференциран пристап и тимската работа, како и во делот на обезбедување на материјално-технички услови и образовни ресурси. |
| **3.5 Оценувањето како дел од наставата** |
| **Извори на податоци**:<br>Годишни, тематски, дневни планирања; извештаи за работата на стручните активи; резултати од анкети; извештаи за успехот и поведението; евидентни листи за вреднување на час. |
| **Информации и согледувања :**<br>Училиштето има правилник за унапредување на оценувањато на постигнувањата на учениците во кој се дефинирани основните принципи: оценувањето да се темели на националните стандарди и критериуми; оценувањето да биде дел од наставното планирање; да се градат усогласени критериуми на ниво на активи; да се применуваат разновидни форми, методи и инструменти за оценување; оценувањето да биде образложено и транспарентно; да се гради систем за квалитетно информирање на родителите.<br>Примената на различни начини на проверување и оценување на знаењето за да се добие реалната оценка за секој ученик, 24,3% од учениците ја оцениле со оценка 3, 26,4% со 4, а 35,7 % со оценка 5. Учениците во своите забелешки укажуваат на притисокот што им го создава бројноста на зададените тестови, како и на нереалноста во оценувањето.Родителите во 10,2% дале оценка 2, 19,8% оценка 3,а 29,9% оценка 4,односно 37,7% оценка 5. Наставниците во 27% оцениле со 3, 36% со 4, 36% со оценка 5.<br>Континуирано, преку работата на стручните активи се разработуваат стручни теми, се разменуваат искуства од праксата, се анализира и вреднува процесот на оценување.<br>Во наставата се применуваат различни форми на проверување на учениковите постигнувања (усно, писмено, комбинирано проверување); Наставниците ги следат |

учениците со потешкотии во учењето, развиваат диференциран пристап со навремени и конкретни насоки за работа.
На почетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат план за писмено проверување на постигањата на учениците и истиот е евидентиран во дневникот на паралелката. Проверувањата на постигањата на учениците (формативно и сумативно оценување) со однапред утврдена динамика, наставниците ги дефинираат во нивните годишни тематски и процесни планирања.
Примената на формативно оценување - континуирано следење на постигнувањата на учениците, давањето повратна информација, помош и насоки за подобрување на постигањата 24% од наставниците ја оцениле со 3, 32 % со 4, 44% со оценка 5.
Како еден од приоритетите останува да се унапредува процесот на формативното оценување - изготвување на инструменти за следење на постигнувањата на учениците, примена на форми на самооценување и подобрување на процесот на повратно информирање.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

**Извори на податоци**:
Педагошка евиденција: записници од Наставнички совет; записници од одржани родителски средби; евиденција на наставниците и стручните соработници за одржани средби со родители.

**Информации и согледувања:**
Известувањето на родителите за постигнувањата на учениците се планира и реализира согласно законските прописи.
Училиштето овозможува непосредни индивидуални средби на родителите со предметните наставници – секој наставник има приемен час во текот на неделата; има приемен ден еднаш месечно; Во одделенска настава/со организиран продолжен престој/ родителите имаат можност за секојдневна комуникација со одделенските раководители.
По потреба се организираат формални и неформални, групни и индивидуални средби со родителите.
Навременоста и континуираноста на процесот на информирање за постигнувањата на учениците 22,8% од родителите оцениле со оценка 4, а 60,5% го оцениле со 5.

## *Подрачје бр. .3* УЧЕЊЕ И НАСТАВА

**Јаки страни**
- Соработка при планирањето на воспитно-образовната работа;
- Повеќето наставници се залагаат да ги мотивираат учениците за активно учество во наставата и вонаставните активности, преку разни форми и методи на работа;
- Се применува формативно оценување;
- Соработка меѓу наставниците и учениците; учениците се насочуваат кон позитивно однесување.

**Слаби страни**

- Навременоста и систематичноста во збогатување на фондот на ресурси за современа настава и учење;
- Тимското работење - ефикасноста и интерактивноста; координираноста во работата на стручните активи;
- Применувањето на диференциран пристап согласно потребите на учениците,
- Естетското уредување на просторот; уредувањето на училишниот двор.

**Приоритети**

- Подобрување на условите за изведување на поинтересна настава (смарт табла или лаптоп и проектор во секој кабинет), повеќе отворени образовни ресурси;
- Обезбедување на повеќе ресурси за современа настава од Општина Центар;
- Примена на активности кои овозможуваат меѓу учениците интеракција и соработка;
- Применување на диференциран пристап согласно потребите на учениците;
- Обуки за подобрување на тимското работење во интерес на учениците и на наставниците;
- Уредување на училишниот простор.

## *ПОДРАЧЈЕ БР.4* ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

*ПОДРАЧЈЕ БР.4* ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

**4.1 Севкупна грижа за учениците**

**4.2 Здравје**

**4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**

**4.4 Следење на напредокот**

### 4.1 Севкупна грижа за учениците

**Извори на податоци**:

Интерна училишна документација – планови, правилници, евиденција на стручните соработници, записници од работата на стручните органи на училиштето, записници од работата на Ученичката заедница, програма за грижа за здравјето, извештаи за реализирани активности во ова подрачје, записници од работата на училишната комисија за организираната исхрана, педагошка документација.

**Информации и согледувања:**

Училишната инфраструктура, генерално, (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорците, струјните места, дворот, итн.) е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците. Поголем број 71 % од наставниците, помал 51,4 % од родителите со оценка 4-5 оцениле дека училишниот простор е безбеден и сигурен, а во однос на изведување на наставата 84% од наставниците дале оценка 4-5 ,
Споредбено со претходните години останува потребата за санација на фискултурната сала и уредување на училишниот двор. Пропишаните мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда се почитуваат ( служба за обезбедување, дежурства на наставници; постојано следење и реагирање на технички персонал, хаусмајстор, домаќин)
Вработените се грижат за безбедноста и однесувањето на учениците од нивното доаѓање во училиштето, па се до заминувањето. Учениците се совесни и соработуваат со вработените.Сигурноста и безбедноста во училиштето како и ангажираноста на вработените во тој поглед 59,2 % од анкетираните родители ја оцениле со оценка 4-5.
Прашањето со физичките бариери во училиштето не е решено.

Во училиштето има наставен кадар со стекнати сертификати за давање на прва помош на учениците и интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди од било кој вид.
Во однос на безбедноста,во училиштето има изготвено:

1. Правилник за заштита од пожари, како една од мерките за заштита од елементарни непгоди, во кој се пропишани мерки за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор;

2. План за заштита и спасување, во кој се пропишани правилата за постапување во случај на елементарни непогоди;

3. Куќен ред, со одредби во него: за учениците, наставниците, стручните соработници, административниот и раководниот кадар;

4. Изготвен Кодекс на однесување за наставниците и стручните соработници, за учениците и за родителите;

5. Изготвен и истакнат рапоред на дежурства на наставниците на видно место.

Активностите за заштита и безбедност на учениците се координирани со институциите во локалната заедница преку предавања од Министерството за внатрешни работи, Полициска станица, Општина Центар и Центарот за социјални грижи.

Во соработка со родителите се изготвија и поставија информативни плакати во холовите и ходниците со важни телефонски броеви за итни случаи.

Во училиштето се реализира програма за превенција од насилство–заедничко (ре)дефинирање на кодексот на однесување во училиштето; подигање на свеста на учениците, вработените и родителите за ненасилно однесување; ефикасно делување против насилството во моментот кога се случува; јакнење на професионалните компетенции на наставниците за решавање на конфликтни ситуации; едукација на учениците и родителите; во училиштето се гради атмосфера на заемно почитување и соработка на сите субјекти во воспитно-образовниот процес. Согласно Законот за основно образование и интерните Правилници за однесувањето во училиштето поставени се основните принципи и правила за успешно одвивање на воспитно-образовната работа, подобрување на работната дисциплина и безбедност; учениците се анимираат за активно вклучување во училишниот живот, преку активностите на одделенските заедници и преку работата на Ученичката заедница. Најголем дел од учениците во анкетата се изјасниле дека во училиштето се чувствуваат пријатно.
Се потенцира важноста од постоење на механизми за справување со евентуална појава на различни облици на насилство, 32% од наставниците дале оценка 3; 39% оценка 4 и 18 % оценка 5. Треба да има обучен тим во училиштата за кризна интервенција што може да дејствува навремено во соработка со надворешни експерти во случај на неочекувани инциденти.
Во програмата за грижа за здравјето на учениците, посебен сегмент е темата за здравствена едукација - изградување на правилни ставови и навики за здравствена заштита.Дел од активностите се предавања и работилници, во соработка со стручни лица и институции, истражувачки активности и изработка на проекти ( плакати, хамери, анкети и сл.). Во склоп на програмата која се релизира на часовите на одделенската заедница, исто така со посебно внимание се разработуваат темите од оваа област. Во училиштето се реализираат предавања од страна на вработени и надворешни стручни лица за заштита од штетните влијанија на пушењето,алкохолот и наркотичните средства.
За учениците од одделенска настава постои организиран начин на исхрана – храната се подготвува во училишната кујна (појадок, ручек и ужинка), согласно Правилникот за стандарди за исхрана во основното училиште. Потребно е да се зголеми квалитетот на исхраната во училишната кујна (на прашањето: Училиштето се грижи за квалитетот на храната во училишната кујна 60,2 % од родителите одговориле со оценка од 1-3 ).
Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Инклузивниот тим на училиштето ја усогласува програмата според индивидуалните потреби на ученикот. Училиштето соработува со родителите, со Ресурсни центри и други релевантни институции.Во соработка со Општината се обезбедуваат лични/образовни асистенти.Еднаш неделно во училиштето доаѓа дефектолог од ООУ„Гоце Делчев“- Центар.
Прашањето со физичките бариери се уште не е решено.
Евидентно е незадоволството од хигиената во училиштето 60,2% од родителите го оцениле со оценка 1-3. Речиси 65,7 % од учениците дале оценка од 1-3 за истото.
За учениците од социјално загрозени семејства се води грижа преку овозможување на поволности при регулирање на исплатата за исхраната, екскурзиите и другите посети.Исто така се организираат и собирни акции за помош во храна, облека, огревни средства и сл.
На ова поле се вклучува и Општината и Советот на родители со свои активности.
Оценувањето на емоционалните, физичките и социјалните потреби на учениците се

врши преку: непосредна комуникација - набљудување и директен разговор со учениците; во соработка со родителите - преку непосредна комуникација, со постапност. Клучна улога во овој процес имаат одделенските раководители и наставниците, во соработка со стручните соработници. Се вложуваат напори за да се излезе во пресрет на потребите на учениците.Ако се укаже потреба за повисок степен на помош училиштето ги упатува родителите кон соодветни институции со кои соработува: Центар за ментално здравје, Центар за социјални грижи, Центар за рехабилитација на говор и слух, Градски завод за здравствена заштита, МВР.

## 4.2 Здравје

**Извори на податоци**:

Извештаи од работата на технички персонал, извештаи од санитарен инспекторат, педагошка документација.

**Информации и согледувања:**

Пред почетокот на учебната година извршени се дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Направено е и машинско чистење на ходниците, скалите, гардеробите за физичко образование и санитариите. Во текот на целата година се води грижа да е исправна и да функционира санитарната опрема во тоалетите. Сите тоалети и санитарии се чистат и дезинфицираат. Во тоалетите има течен сапун. Ходниците и скалите се чистат два - три пати во денот, училниците се метат, се отстранува отпадот и се проветрува. Мебелот во училниците и канцелариските простории се брише со дезинфекционо средство. Училишниот двор се одржува чист, хортикултурно среден, со поставени корпи за отпад. Со цел за чиста и здрава работна средина училиштето спроведува интерни работни акции за средување на работниот простор и училишниот двор. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат санитарните простории, да ја одржуваат личната и колективната хигиена.

Се следат сите препораки од санитарните инспектори, како и препораките од Градскиот завод за здравствена заштита.

Наставниците, учениците и родителите преку едукативни-промотивни материјали се информираат за сите актуелни прашања од ова подрачје.

На учениците кои имаат здравствени проблеми им се дава целосна поддршка за оптимално совладување на планираните содржини и активности (индивидуализиран пристап, интензивирана соработка со родителите, вклучување во дополнителна настава, поттикнување на соучениците за соработка и помош).

## 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

**Извори на податоци**:

Педагошка евиденција

**Информации и согледувања:**

Се реализира програма за професионална ориентација:

Информирање и поттикнување на интерес кај учениците за видовите на занимања, согласно целите и содржините од наставните програми.

Систематско запознавање на учениците со различните видови на занимања и струки.

Анкетирање на учениците од 8 и 9 одд. - испитување на мислењето, желбите, интересите и степенот на информираност за различни професии.

Следење и нивно насочување според индивидуалните интереси и способности покажани во наставата и воннаставните активности.

Информирање на учениците од 8 и 9 одд. за дефицитарни и суфицитарни занимања-презентација.
Организација на презентации на средни училишта.

Овој процес 79% од наставниците го оцениле со оценка 4-5.

**4.4 Следење на напредокот**

**Извори на податоци**:

Педагошка евиденција, записници од совет на одделенски, предметни наставници и Наставнички совет, извештаи за работата на стручните активи.

**Информации и согледувања:**

Училиштето води евиденција за напредокот на учениците, нивната редовност на часовите, нивното поведение и постигнувања (педагошка документација, работна документација на наставникот, ученичко портфолио, евидентни листови и свидетелства), со редовни и навремени анализи и извештаи за работата и постигнувањата, како и навремени и конкретни насоки за подобрување на постигнувањата. Ваквата евиденција им е достапна на наставниците, на учениците и на родителите. Најголем дел од родителите ова го оцениле со оценка 4-5.

***Подрачје бр.4*** **ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Јаки страни:**

- Грижа за учениците од социјален ризик, поддршка за учениците кои отсуствуваат од настава;
- Училиштето има ефикасна соработка со релевантните институции, како што се: здравствени установи, центар за социјална работа, полиција и др.;
- Училиштето обезбедува на учениците информации за понатамошно средно образование;
- Во училиштето се реализираат предавања од страна на вработените и надворешни стручни лица;
- Постои ефективна соработка меѓу стручните соработници и класните /предметните наставници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства;
- Постои ефективна соработка меѓу стручните соработници и класните /предметните наставници во процесот на помош и поддршка на учениците;
- Менторирање и поддршка на ученици според интереси;
- Заштита од елементарни непогоди; обезбедување на материјални и финансиски средства на ученици од семејства во социјален ризик.

**Слаби страни:**

- Соработка со Центарот за социјални грижи;
- Нема доволно хигиеничарки за одржување на хигиената во училиштето;
- Изречување педагошки мерки за поголем број од учениците;
- Немање средства за наградување;
- Подобрување на квалитетот на исхраната на учениците во училишната кујна;
- Повисоко ниво на хигиена во училиштето.

**Приоритети:**

- Истовремено ефикасно и успешно да се делува на сите горенаведени работи;
- Обезбедување системски механизми на соработка за помош и поддршка на учениците;

- Вработување на повеќе хигиеничарки за одржување на хигиената во училиштето;
- Навремено и доследно преземање активности за изрекување на педагошки мерки;
- Да се организираат наградни екскурзии за сите ученици промотори на училиштето;
- Да се организираат работилници за заштита од насилство.

## *ПОДРАЧЈЕ БР.5* УЧИЛИШНА КЛИМА

| *ПОДРАЧЈЕ БР.5* УЧИЛИШНАКЛИМА |
|---|
| **5.1. Училишна клима и односи во училиштето**<br>**5.2. Промовирање на постигнувањата**<br>**5.3. Еднаквост и правичност**<br>**5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** |
| |
| **5.1. Училишна клима и односи во училиштето** |
| **Извори на податоци**:<br>Кодекс на однесување; анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците; педагошка евиденција за поведение на учениците; Статут на училиштето; куќен ред на училиштето; пофалби, награди, признанија и др.; програма и правилник за работа на ученичката заедница, досие на ученичкипарламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализираниинцијативи намладински активизам, покани, материјали за изборнипостапки и др.). |
| **Информации и согледувања:**<br><br>Целта на секоја институција, вклучувајќи го и училиштето е да резултира со успешно работење, постигнување на врвни резултати, создавање на позитивна клима меѓу вработените, а сето тоа овозможува училиштето да биде една добро компонирана работна целина. ООУ „Димитар Миладинов“-Скопје од неговотопостоење па сè до денес, го задржува својот висок рејтинг во Општината. Со децении station наназад во училиштето се негува угледот, знаењето и културата на учениците и вработените.Училиштето е препознатливо според многу добар квалитет на работење и постигнувањата на учениците во различни области, како и според остварувањето на визијата имисијата научилиштето.Училиштетое инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработенитесе идентификуваат со училиштето и се грижат за неговиот углед.<br><br>Училиштето има Кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на раководниот кадар, наставниците, стручните соработници, административно-техничкиот персонал, учениците и родителите. Училиштето има Куќен ред кој е истакнат пред секоја училница и Правилник за однесувањето на вработените, учениците и родителите.<br>Почитувањето и прифаќањето на учениците е подеднакво, односно сите ученици имаат ист третман. Училиштето води грижа за заемно почитување и рамноправен третман на сите субјекти. Сите ученици се прифатени во училиштето без оглед на полот, способностите, социјалната структура, етничката припадност и верата. Наставниците разговараат со учениците за одржување на постојано добра, ведра и позитивна атмосфера во училиштето, со особен акцент на комуникацијата меѓу учениците, заемната грижа и меѓусебно помагање во делот на наставата и личните проблеми. Наставниците ги поттикнуваат учениците на учење за подобрување на успехот и знаењата кои треба да соодветствуваат на нивните способности и особини на личноста. Раководниот и наставниот кадариграатклучнаулога во одржувањето позитивна атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и со посетителите на училиштето. Во |

училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Важно е да се нагласи и заемната соработка на наставниците со разменување на искуства, постојан натпреварувачкидух и промоција за издигнување на училиштето.

Дисциплината на учениците е на добро ниво. Односот на учениците од ист и различен пол е коректен, со заемно почитување и соработка. Учениците и вработените ги почитуваат усвоените правила на однесување на училиштето. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Најголем процентод вкупниот број на ученици имаат примерно поведение. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошкимерки.Воучилиштето сенастојувада немазакани,говор на омраза, провокации, навреди и пишани графити со негативни пораки. Училиштето има пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во практика.
Учениците имаат можност за активно вклучување при решавање на училишнипроблемиивопроцесотнадемократскапартиципацијаво училишниот живот, севкупно при анализирање, планирање, одлучување до реализација. Училиштето го применува принципотна демократско учество на учениците и има формирана ученичка заедница на сите нивоа (од паралелка до училиште) според законите и целосно демократска процедура, која учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците. Тој во реализација на својата програма добиваподдршка од училиштето (менторска, логистичка, итн.). Учениците навремено и целосно се информирани од ученичката заедница за сите работи што се од нивни непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Активностите за младинско учество се иницираат, се планираат и се реализираат од страна на учениците и ученичката заедница во согласност со програмата за работа на ученичката заедница и ученичкиот парламент**.**

**5.2. Промовирање на постигнувањата**

**Извори на податоци**:

Годишна програма за работанаучилиштето, изложени трудови на учениците, педагошка евиденција, Правилник за избор на првенец на генерацијата, интернет-страница,социјални мрежи и др.

**Информации и согледувања:**

Училиштето има политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат активно и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и на меѓународно ниво.Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните активности.
Училиштето става голем акцент на постигнувањата на сите ученици. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигнувањата, редовноста и дисциплинатана учениците. Учениците,истотака,имаат високи очекувања од самите себе и од другите.Имаат аспирации за повисоки постигнувања на ниво на училиштето. Наставниот кадар успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигнувања на сите ученици во рамките на училиштето и во пошироката локална средина. Учениците имаат можности да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во воннаставните активности.

**5.3. Еднаквост и правичност**

**Извори на податоци**:

Педагошка евиденција, записници од Наставнички совет; интервјуа со ученици, наставници, родители и со стручните соработници.

**Информации и согледувања:**

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваатправата на децата. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Училиштето организира работилници со родителите, за да ги запознае со правата на децата.

Сите вработени во училиштето правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничкатаприпадност, социјалното потекло и способностите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Училиштето гради политика на меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество.Учениците знаат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со комуникација, толеранција, стереотипи, предрасуди, дискриминација и др.

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Учениците ја почитуваат сопствената култура и традиција; културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат. Училиштето планира и реализира заеднички воннаставни активности со други партнер училишта и ги користи сите други можни стратегии, за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште.

**5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница**

**Извори на податоци**:
Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен), записници од Советот на родители и родителски средби, педагошка евиденција и документацијата (за општествено корисната работа, за јавно културната дејност), записници и одлуки од состаноците на Училишниот одбор, план за организирани контакти и преписки со деловната заедница, документација за добиени спонзорства и донации.

**Информации и согледувања:**

Училиштето планира активности за да ги поттикне родителите да се вклучат и да соработуваат во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето.
Форми на вклучување на родителите во воспитно-образовната работа:

-Совет на родители на паралелката;

-Совет на родители на ниво на училиште;

-Училиштен одбор;

-Училиштен тим за инклузија.

Преку работата на Советот на родители се запознаваат со Годишната програма за работа на училиштето, со извештајот од реализираните задачи и постигнатите резултати, со условите за работа, мисијата, визијата за натамошниот развој на училиштето.

Училиштето води транспарентна политика за своето работење, односно информира за својата работа преку сите достапни средства и начини за информирање -веб страница, известувања на огласна табла, состаноци на надлежни училишни тела, родителски средби, индивидуални средби, приемни денови, телевизиски медиуми и сл.
Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставници на родителите во УО во кои вклучува можност за кандидирање и истите доследно ги применува.
Родителите за почетокот на учебната година и за уписите на учениците во прво одделение редовно се известуваат и прекуинформатори направени токму за таа намена на веб-страната на училиштето.
Од спроведената анкета со родители :

- Преку 76% од анкетираните родители со многу добро,т.е. одлично ги оцениле „Училиштето подеднакво придонесува за учениците без разлика на полот, етничката припадност или социјалното потекло“;
- 73 % „Постои добра соработка меѓу родителите и наставниците“;
- 83 % „Навремено и континуирано ги добивам информациите за постигнувањата на моето дете“;
- Преку 28% од анкетираните родители со незадоволително,т.е. доволно го оценилетврдењето:„Училиштетонудидобар избор навоннаставни активности“;
- 30 % „Училиштето се грижи за квалитетот на храната во училишната кујна“;
- 31% „Се води грижа за хигиената на училиштето“.

Училиштето е вклучено во животот на општината илокалната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Локалната заедница се вклучува во подобрување на условите на работа во училиштето.

Можностите што ги нуди локалната заедница се искористуваат во функција на реализација на наставните содржини.

Во соработка со Општината се реализираат бројни активности: активности по повод Денови на Општина Центар, новогодишни манифестации-хуманитарен новогодишен базар во Дом на АРМ, Денот на шегата; Денот на мајчиниот јазик; Денот на планетата Земја; по повод Светскиот ден на книгата; Денот на македонскиот јазик; Денот на Европа; спортски натпревари и кросеви; посета на седиштето на општината, разговор со градоначалник и со советници, организирани ученички натпревари и конкурси, акции од областа на здравствената превенција; доделување стипендии и награди на ученици, семинари за професионален развој на наставниците и сл.

Над 73 % од анкетираните наставници со многу добро и одлично го оцениле: „Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од заеднички интерес“.

Над 80% од анкетираните наставници со многу добро и одлично ги оцениле: „Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во заедницата и нивно заемно прифаќање“.„Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето се добро организирани и достапни на родителите“.
Над 30% од анкетираните наставници со добро,т.е. доволно ги оцениле: „Училиштето ги користи ресурсите од локалната заедница за квалитетна реализација на наставните и воннаставните активности“; „Локалната заедница се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето“.
Соработката на нашето училиште со други училишта се базира на посети по повод Денот на училиштето, проекти, индивидуална стручна соработка.
Се негува и соработката со збратимените училишта „Кемал Ататурк“ од с.Количани и „Султан Тепе“ од Истанбул.

Постои соработка со амбасадите на Франција, Русија, во склоп на проектите за

изучување на странски јазици од најрана возраст (Се одбележуваат Деновите на франкофонијата и Руската масленица) соработка и со Амбасадата на Бугарија со чија помош е обновена фасадата на училиштето, од амбасадата се донирани садници за во училишниот двор. Традиционално соработуваме со Амбасадата на Јапонија преку учество во работилниците на тема Кумихимо-плетење на гајтани и Кусакизоме-боење на марами.

Се остварува соработка со културни институции: Театарот за деца и младинци; театар Комедија, МНТ; МОБ; Филхармонија на Република Северна Македонија, Сојузот за грижи и воспитување на децата; Музеј на град Скопје, Музејот на македонската борба; со библиотеките „Страшо Пинџур“ и „Браќа Миладиновци“, Дом на АРМ, Француски институт, Музеј на холокаустот. Музејот на Народната банка на РСМ (едукативни видео презентации за деца од основно училиште).Постои соработка со Собранието и Владата на РСМ, граѓански ресурсен центар МЦМС, УСАИД, Народна банка, СОС детско село, невладини организации, Фонд за иновации, Пакомак, Центарот за социјални работи; Заводот за ментално здравје; Црвениот крст; со Центарот за говор и слух; со МВР, поликлиника Бит Пазар, Поликлиника Идадија.

Секоја учебна година се изработува флаер-пропаганден материјал за претставување на организацијата на воспитно- образовната работа во училиштето.Постигањата на учениците се објавени на веб страна на училиштето.Се остварува соработка со печатени медиуми, со телевизиски куќи за презентирање на училишните активности и ученичките постигнувања.

## *Подрачје бр.5* УЧИЛИШНА КЛИМА

**Јаки страни:**

- Локалната заедница се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето;
- Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во заедницата и нивно заемно прифаќање;
- Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на децата и на потребите на децата им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните приватност и достоинство;
- Соработка со родителите, отворени денови;
- Соработка со вработените и грижа за учениците.

**Слаби страни:**

- Немање инструменти за потикнување на воспитувањето како важен сегмент од воспитно-образовниот процес.
- Нема колективни состаноци за работата во училиштето;
- Наставниците и учениците ги знаат правата и обврските, но не ги почитуваат доволно за да се види дека има позитивна и работнаатмосфера во училиштето;
- Не се дефинирани одговорностите на секој наставник. Поединци имаат многу задолженија, поединци немааат никакви задолженија.

**Приоритети:**

- Одговорност, координираност и доследност во извршување на обврските;
- Навремено и транспарентно давање на информации во сите области на работата во училиштето;
- Одлуките во колективот да се донесуваат заеднички, низ дискусии, изнесување на различни мислења и усогласување;
- Училишни критериуми за вреднување и наградување;
- Обезбедување на партиципација за натпревари врз база на критериуми.

## ПОДРАЧЈЕ БР.6 РЕСУРСИ

| ПОДРАЧЈЕ БР.6 РЕСУРСИ |
|---|
| **6.1 Сместување и просторни капацитети**<br>**6.2 Наставни средства и материјали**<br>**6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар**<br>**6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар**<br>**6.5 Финансиско работење во училиштето** |
| |
| **6.1 Сместување и просторни капацитети** |
| **Извори на податоци**:<br>Годишна програма заработана училиштето, полугодишниигодишни извештаи, анкетизанаставници, родители, ученици, распоред на училници и распоред на часови. |
| **Информации и согледувања:**<br>Постојат соодветни и пријатни просторни услови за одвивање на наставата, за работа на наставниот кадар и за организирање на наставата и на вонаставните активности- најголем број од наставниците околу 70 % и поголем дел од родителите 65 % го потврдуваат ова.<br>Училиштето располага со оптимално искористени просторни капацитети: 37 училници - 16 училници и 17 кабинети, 1 библиотека, санитарни јазли, 5 канцеларии ( 1 заедничка-наставничка и 4 административни), фискултурна сала, просторна свечена сала, современи опремени спортски терени, игралишта и балон).<br>Училишната зграда и просторот (ходници, фискултурна сала, училишен двор) не се пристапни за учениците со телесни пречки.<br>Училиштето има план и распоред, максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата. |
| **6.2 Наставни средства и материјали** |
| **Извори на податоци**:<br>Пописна листа, писмени звештај од библиотека, евидентна тетратка-профактури и фактури, евидентна тетратка на домаќин на училиштето, полугодишен и годишен извештај на училиштето. |
| **Информации и согледувања:**<br>Опременоста со нагледни средства не ги задоволува потребите во наставата, фондот треба да се осовременува и збогатува речиси половина од наставниците дале оценка 2-3; Околу 66 % оцениле со 4-5 дека наставниците и учениците имаат можност континуирано да користат интернет.<br>Библиотечниот фонд располага со 5870 лектири, стручна литература за наставници и стручни соработници-270, сериски публикации 2 и фондот континуирано се обновува.<br>Училиштето континуирано набавува потрошен материјал, но тој не ги задоволува потребите на вработените 64% дале оценка 2-3 и истиот треба навремено да се |

обезбедува.

На прашањето „Училиштето навремено и систематски ги утврдува потребите за обновување на фондот на наставни средства и помагала“, поделени се мислењата на наставниците: 22 % дале оценка 1-2; 63 % - 3, 9% -4 , 6 % -5.

Се уште е неопходна и евидентна потребата од обезбедување на ИКТ опрема, смарт табли за реализација на наставата по современите наставни текови.

## 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

**Извори на податоци**:

Досијеа на вработени, акт за организација и систематизација на работни места, годишна програма за работана училиштето,полугодишни и годишни извештаи, анкети за наставници, родители, ученици, Записници од стручни активи, Програма и извештаи за менторство.

**Информации и согледувања:**

Наставниот кадар и стручната служба се квалификувани и оспособени да ги преземат одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина.

Наставниците имаат посетено обуки за деца со посебни образовни потреби, но се јавува потребата од продлабочување на професионалните компетенции на наставниците од ова подрачје.

Приправничкиот стаж се реализира согласно законската регулатива.

Училиштето овозможува учество на наставниот кадар во екстерни обуки; Во училиштето се реализираат интерни обуки/ дисеминација на искуства, повеќе од 70 % од наставниците овој процес го оцениле со оценка 3.Потребно е преку учество во обуки да се направи план за професионален развој на наставниците

Евидентна е потребата во случаи на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето да има механизми за брза и соодветна замена, 72% од наставниците ова го оцениле со оценка 1-3.

Училиштето има вкупно 67 вработени: наставниоткадар го сочинуваат 51 наставник, стручни соработници има 4, административни работници 1, техничка служба 10**.**

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

**Извори на податоци**:

Развоен план, полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето, извештаи од работата на стручните активи.

**Информации и согледувања:**

Наставниците подготвуваат личен план за професионален развој и истиот се прави за секоја учебна година врз основа на самоевалуацијата во однос на професионалните компетенции. Најголем дел од наставниците ја идентификуваат потребата од стручно усовршување за работа со ученици со ПОП и користење на дигитални алатки .

Постои подготвеност и мотивираност кај кадарот за сопствено стручно усовршување, 54%од анкетираните наставници одговориле со оценка 4-5; Училиштето обезбедува финансиска поддршка согласно идентификуваните потреби за професионален развој 58% од анкетираните наставници одговориле со оценка 2-3.

Наставниците се вклучуваат во стручно усовршување преку посета на семинари и обуки во организација на БРО, МОН, Општината и други институции. Во годишната

програма на обуки за стручно усовршување од страна на надлежните институции е потребнода се понуди и листа со акредитирани програми за обука со понуденвременски распоредзаради навремено и квалитетно планирање на личниот план за професионален развој споредзаконската регулатива.
Преку работата на стручните активи се идентификуваат потребите на наставниците за професионален развој.Училиштето подготвува училишна програма за професионален развој.Во училиштето се спроведува законската регулатива за процесот на менторство, професионален и кариерен развој на наставниците.
Потребно е да се зголеми ефикасноста на процесот на интерна дисиминација. Од искуството произлегува дека при планирањето на активностите акцент треба да се стави на временска реорганизација, т.е. да се искористат работните, но ненаставни денови во јануари, јуни, август.
Потребно е да се подобри стратегијата за обезбедување на финансиска поддршка на професионалниот развој на наставниците и да се подобри примената на механизми за стимулирање, наградување и оддавање признанија на наставниот кадар.

**6.5 Финансиско работење во училиштето**

**Извори на податоци**:

Финансиски план според критериумите на Општина Центар, завршна сметка, записници од Училишен одбор.

**Информации и согледувања:**

Финансискиот план и годишната завршна сметка на училиштето ги изготвуваат директорот со сметководителот. Се усвојуваат на Училишен одбор, се презентираат на Наставнички совет, се доставуваат до Општината каде што се разгледуваат и усвојуваат.
Спроведување и контрола на финанското работење обезбедува директорот.
Околу 77 %од наставниците се изјасниле со оценка 2-3 „Стручните органи во училиштето се информирани за училишниот буџет и трошењето на средствата“.
Потребно е континуирано да се спроведува стратегијата за обезбедување на финансиска поддршка за реализација на активности за подобрување на квалитетот на наставата и учењето.

**Подрачје бр.6 РЕСУРСИ**

**Јаки страни:**

- Професионален и приспособлив кадар во сите услови;
- Подготвеност на наставниот кадар за личен и професионален развој;
- Интерес на наставниците и стручните соработници за учество во обуки;
- Подготвеност на наставниците за примена на постоечките нагледни средства;

**Слаби страни:**

- Недоволен број на вработени за одржување на хигиената;
- Наменско користење на буџетските средства;
- Училиштето не обезбедува доволно финансиска поддршка за професионалниот развој на наставниот кадар;
- Недостасува ефикасно и конструктивно тимско работење за навремено планирање и обезбедување квалитет на воспитно-образовниот процес.

**Приоритети:**

- Набавка на наставни средства и помагала согласно Нормативите по сите наставни предмети;
- Финансиска поддршка согласно идентификуваните потреби за професионален развој;
- Поголема контрола врз договорите за изнајмување на училишниот простор;
- Утврдување на приоритети во интерес на децата - учениците и наставниот кадар во однос на просторот што се издава.

## *ПОДРАЧЈЕ БР.7* УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

| *ПОДРАЧЈЕ БР.7* УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА |
|---|
| **Извори на податоци**: Закон за основно образование, Статутот на училиштето, Колективен договор, Правилник за систематизација наработни места и задачи,записници од: Наставнички совет, Совет на предметни и одделенски наставници, Училишен одбор, евидентни листи за присутност, годишна програма на училиштето, извештаи за работата и постигнатите резултати, записници од работата на стручни органи, документ за самоевалуација на училиштето, развоен план на училиштето, анкети со наставници и разговори со претставници на Училишен одбор. |
| **Информации и согледувања:**<br><br>Структура на управување и раководење на училиштето:<br>- Училишен одбор<br>- Директор<br>Сите надлежности се јасно дефинирани, согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето (изменет и дополнет 2020г.)<br>Раководен орган во училиштето е директорот. Има континуирана соработка со органот на управување - Училишен одбор.<br>Преку активното вклучување на сите субјекти во воспитно-образовната работа и соработката, се создаваат можности за унапредување на истата и успешно решавање на проблемите. Тоа се остварува преку: работата на Наставничкиот совет, состаноци на Советот на предметни и одделенски наставници, преку работата на Совет на родители, преку родителски средби, преку индивидуални средби (зависно од видот на проблемот), преку делувањето на Ученичката заедница.<br>Состаноци се одржуваат редовно, според планирањето во Годишната програма (најмалку два пати во полугодие, може и повеќе зависно од потребите).<br>За годишното планирање/програма одговорен е директорот.Програмата се изработува врз основа на Програмата за развој на училиштето, анализата и согледувањата од извештаите за работата и постигнатите резултати во претходната година.<br>За долгорочно планирање, согласно Законот, се прави Самоевалуација и се изготвува Развоен план.<br>Реалност во планирањето се обезбедува со активно учество во процесот на самоевалвацијата на сите вработени, учениците, родителите и суштинско откривање на јаките и слабите страни на училиштето.<br>Постапки во креирањето на училишната политика:<br>- планирање-усвојување,<br>-реализирање,<br>- вреднување.<br>Стратешките и развојните цели се дефинирани во изготвениот Развоен план. Нивното дефинирање се темели на процесот на самовреднување, согласно процедурите пропишани во Законот за основно образование.<br>Континуирано се изготвуваат акциони годишни планови,во кои се операционализирани конкретните цели и активности.<br>Преку работата на стручните органи во училиштето се прави анализа на реализацијата на акционите планови, со насоки за подобрување на процесот на реализација на поставените цели.<br>За долгорочно планирање согласноЗаконот за основно образование постојат следните активности:<br>- самоевалуација,<br>- развоенплан.<br>Реалност во планирањето се обезбедува со: активно учество во процесот на |

самоевалвацијата на сите вработени, учениците, родителите; со суштинско откривање на јаките и слабите страни на училиштето. Основа на реалното планирање треба да биде фактичката утврдена состојба.

Во последниот развоен план на училиштето се дефинирани развојни цели кои се во сферата на стручно усовршување на наставниот кадар и подобрување на материјално - техничките условизазголемување на квалитетот на образовниот процес и унапредување на тимската работа и соработка на сите субјекти на воспитно образовниот процес.

## *Подрачје бр.7* УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

**Јаки страни:**

- Квалитетно извршување на работните задачи, јасно дефинирани надлежности;
- Подготвеност на наставниците за подобрување на воспитно-образовниот процес, преку стручно усовршување, интерес за интерни обуки;
- Искористување на постоечките нагледни средства од страна на наставниците;
- Училиштето овозможува учество на наставниот кадар во екстерниобуки.

**Слаби страни:**

- Недоволна подготвеност за тимска работа, нетранспарентност во некои сегменти и селективност;
- Училиштето не располага со наставни средства и помагала, согласно Нормативите по сите наставни предмети;
- Училиштето не обезбедува финансиска поддршка, согласно идентификуваните потреби за професионален развој;
- Недостасува ефикасна и конструктивна соработка на Училишниот одбор, на Раководниот орган, на Советот на родителите, на Наставничкиот совет и на Ученичкиот параламент во навремено планирање и обезбедување квалитет на воспитно-образовниот процес;
- Нетранспарентност.

**Приоритети:**

- Детални информации за работата на Училишниот одбор;
- Набавка на наставни средства и помагала, согласно Нормативите по сите наставни предмети;
- Финансиска поддршка, согласно идентификуваните потреби за професионален развој;
- Навремено и јавно информирање на сите субјекти во училиштето за работи од заеднички интерес;
- Транспарентност во планирањето на трошоците на училишниот буџет за исполнување на реалните приоритети на училиштето.

**Прилог : резултати од спроведени анкети**

| **Подрачје 1 и 2**<br>**анкета со наставници, 40** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
|---|---|---|---|---|---|
| Во наставните програми и учебните помагала има доволна застапеност на содржини кои промовираат мултикултурни вредности, родова и етничка рамноправност | 6 % | 8 % | 39 | 28 | 19 |
| Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди | | | 16 | 46 | 38 |
| Наставниците планираат и реализираат интегрирани меѓупредметните цели и содржини | | | 25 | 36 | 39 |
| Постои соработка и поддршка меѓу членовите на инклузивните тимови за ученици и квалитетно изработување на ИОП | | 9 | 20 | 46 | 26 |
| Училиштето систематично работи на идентификување и поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето | | 3 | 35 | 41 | 22 |
| чилиштето систематично работи на идентификување и<br>оддршка на талентираните ученици | | 8 | 22 | 41 | 30 |
| Во училиштето се реализира дополнителна настава | | | 19 | 30 | 51 |
| Во училиштето се реализира додатна настава | | 3 | 11 | 27 | 59 |
| Училиштето нуди бројни и разновидни воннаставни<br>ктивности | | 5 | 22 | 35 | 38 |
| Воннаставните активности ги одразуваат потребите и интересите на учениците | | | 10 | 38 | 35 |
| Бројната опфатност на учениците во воннаставните<br>ктивности е задоволувачка | 3 | 5 | 24 | 30 | 38 |
| Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, прави анализа на отсуствата и презема соодветни активности за подобрување | | 9 | 29 | 29 | 34 |

| **Подрачје 3**<br>**анкета со наставници, 40** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
|---|---|---|---|---|---|
| Во рамките на стручните активи постои соработка при планирањето на воспитно образовната работа | | 9 % | 12 | 50 | 10 |
| Наставниците навремено го изготвуваат наставното планирање | | | 6 | 35 | 59 |
| Во планирањето и реализацијата на воспитно-образовниот процес наставниците имаат поддршка и помош од стручните соработници | | 6 | 12 | 32 | 50 |
| Наставниците применуваат различни форми и методи на работа согласно потребите на учениците | | | 18 | 38 | 44 |
| Наставниците применуваат задачи и активности на часовите преку кои ги активираат сите ученици | | | 15 | 47 | 38 |
| Наставниците применуваат диференциран пристап (задачи и активности со различно ниво на сложеност) согласно потребите на учениците | | | 24 | 41 | 35 |
| Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања, да изведуваат заклучоци | | | 15 | 44 | 41 |
| Наставниците применуваат начини на интеракција со учениците во насока на градење на доверба и почитување | | | 18 | 29 | 53 |
| Наставниците применуваат формативно оценување-континуирано ги следат постигнувањата на учениците, даваат повратна информација, помош и насоки за подобрување на постигањата | | | 24 | 32 | 44 |
| Наставниците применуваат методи и форми на работа кои овозможуваат меѓу учениците интеракција, градење на соработка, помош и почитување | | | 12 | 39 | 48 |
| Наставниците користат различни начини на проверување и оценување за да се добие реалната оценка за секој ученик | | | 27 | 36 | 36 |
| Постои соработка меѓу наставниците и учениците | | | 18 | 44 | 38 |
| Учениците имаат можност да го искажат своето мислење и тоа да биде земено предвид | | | 24 | 29 | 47 |
| Наставниците користат различни ресурси за настава и учење | | 3 | 26 | 35 | 35 |
| На часовите има работна и мотивирачка атмосфера која поттикнува интерес за учење | | 3 | 26 | 48 | 32 |
| Стручна служба во училиштето им помага на наставниците во организација на наставата, во следење на напредокот на учениците, во справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и/или во давање советодавна помош на учениците | | | 18 | 38 | 44 |
| Училишниот простор (училниците, ходниците и другите простории) е естетски уреден | | 3 | 41 | 35 | 21 |

| **Подрачје 4**<br>**анкета со наставници, 40** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
|---|---|---|---|---|---|
| Училишниот простор е сигурен и безбеден | | 11% | 18 | 43 | 29 |
| Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорите, опремата во тоалетите, струјните места, оградата и игралиштата во дворот) е безбедна согласно пропишаните нормативи и стандарди | 4 | 11 | 21 | 50 | 14 |
| Во училиштето има обучен кадар за давање на прва помош соодветно на потребите во училиштето | 4 | 11 | 21 | 32 | 32 |
| Во училиштето има кутии за прва помош соодветно на потребите во училиштето | 4 | 11 | 21 | 18 | 46 |
| Хигиената во училиштето тековно се одржува на високо ниво | 11 | 29 | 36 | 14 | 11 |
| Училиштето има механизми за помош и поддршка на ученици од семејства под социјален ризик | | | 18 | 61 | 21 |
| Во училиштето се реализираат предавања од страна на вработени и надворешни стручни лица за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства | 7 | 21 | 36 | 25 | 11 |
| Училиштето има механизми за помош и поддршка на учениците кои од здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава | | 4 | 39 | 39 | 18 |
| Училиштето има механизми за успешно справување со појави на различни облици на насилно однесување | | 11 | 32 | 39 | 18 |
| Стручните органи во училиштето навремено и доследно преземаат активности за изрекување на педагошки мерки | 7 | 11 | 25 | 39 | 18 |
| Вработените ја знаат својата улога и одговорност и имаат проактивен однос во процесот на заштита на децата | | | 29 | 29 | 43 |
| Училиштето се грижи за квалитетот на храната во училишната кујна согласно постоечки процедури | | | 29 | 39 | 32 |
| Училиштето им обезбедува на учениците информации за можностите за понатамошно образование - организира сопствени активности и промотивни активности и материјали на училишта за средно образование | | 4 | 18 | 43 | 36 |
| Училиштето има ефективни механизми за навремено откривање, помош и поддршка за ученици со социо-емоционални потешкотии | | 7 | 32 | 36 | 25 |
| Постои ефективна соработка меѓу стручните соработници и класните/предметните наставници во процесот на помош и поддршка на учениците/или родителите | | | 14 | 39 | 46 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Училиштето има ефикасна соработка со релевантните институции, како што се: здравствени установи, центар за социјална работа, полиција и др. | 4 | | 22 | 30 | 44 |
| Наставниците водат уредна евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка | | | 21 | 36 | 43 |
| Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес | | | 25 | 43 | 32 |

| **Подрачје 5**<br>**анкета со наставници, 40** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
|---|---|---|---|---|---|
| Во училиштето постои јасно определен систем на права и одговорности и тој им е јасен на сите вработени, на учениците и родителите | 4% | 12 | 40 | 38 | 16 |
| Во училиштето се почитуваат Правилникот за однесување и куќниот ред | | 19 | 31 | 31 | 19 |
| Одлуките во колективот се донесуваат заеднички, низ дискусии, изнесување на различни мислења и усогласување | 8 | 12 | 38 | 27 | 15 |
| Меѓу вработените владеат добри односи, нема групирање, непријателство и компетиција | 4 | 19 | 27 | 35 | 15 |
| Постои добра соработка меѓу вработените во тимско решавање на конкретни проблеми | | 15 | 31 | 35 | 19 |
| Вработените се грижат за висок квалитет во извршувањето на работните задачи | | 4 | 27 | 46 | 23 |
| Во училиштето има атмосфера која обезбедува развој на самопочитување и самодоверба кај учениците | | | 24 | 48 | 28 |
| Наставниците се однесуваат еднакво и правично кон сите ученици | | 4 | 15 | 38 | 42 |
| Учениците се чувствуваат пријатно во училиштето | | | 12 | 50 | 38 |
| Учениците активно се вклучуваат при решавање на училишните проблеми, преземаат и реализираат ученички иницијативи | | 4 | 19 | 50 | 27 |
| Учениците ги почитуваат усвоените правила на однесување во училиште | | 8 | 50 | 31 | 12 |
| Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во заедницата и нивно заемно прифаќање | | | 15 | 31 | 54 |
| Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на децата и на потребите на децата им приоѓаат чувствително,грижејќи се за нивните приватност и | | | 4 | 46 | 50 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| достоинство | | | | | |
| Училиштето има политика на поттикнување, промовирање и наградување на постигнувањата на учениците и наставниците во натпреварите и вонnаставните активности | | 15 | 27 | 19 | 38 |
| Постои соработка со родителите, тие се вклучени во работата на училиштето на суштински начин | | | 31 | 35 | 35 |
| Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето се добро организирани и достапни на родителите | | | 19 | 46 | 35 |
| Во училиштето постои систем на целосно и навремено информирање на вработените | 4 | 15 | 31 | 27 | 23 |
| Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од заеднички интерес | | 12 | 15 | 46 | 27 |
| Локалната заедница се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето | 4 | 16 | 24 | 48 | 8 |
| Училиштето ги користи ресурсите од локалната заедница за квалитетна реализација на наставните и воннаставните активности | 4 | 20 | 20 | 40 | 16 |
| **Подрачје 6 и 7**<br>**анкета со наставници, 40** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
| Постојат соодветни и пријатни просторни услови за одвивање на наставата, за работа на наставниот кадар и за организирање на воннаставни активности за учениците. | 9% | | 22 | 53 | 16 |
| Наставниците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите ефикасно ги користат во наставата и учењето | | 9 | 25 | 41 | 25 |
| Училиштето навремено и систематски ги утврдува потребите за обновување на фондот на наставни средства и помагала | 3 | 19 | 63 | 9 | 6 |
| Училиштето располага со наставни средства и помагала согласно Нормативите по сите наставни предмети | 6 | 9 | 53 | 25 | 6 |
| Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребната количина за реализација на наставните и воннаставните активности. | 6 | 22 | 38 | 28 | 6 |
| Наставниците и учениците имаат можност континуирано да користат интернет. | 3 | 3 | 28 | 41 | 25 |
| Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето има ефикасни механизми за брза и соодветна замена. | 19 | 22 | 31 | 16 | 13 |
| Постои подготвеност и мотивираност кај кадарот за сопствено стручно усовршување | | 6 | 41 | 41 | 13 |
| Училиштето обезбедува финансиска поддршка согласно идентификуваните потреби за професионален развој | 13 | 19 | 39 | 23 | 6 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Училиштето овозможува учество на наставниот кадар во екстерни обуки | 3 | 16 | 39 | 19 | 23 |
| Во училиштето се реализираат интерни обуки/ дисеминација на искуства | 6 | 29 | 39 | 19 | 6 |
| Вработените активно учествуваат во креирање на програмите за развој на училиштето | 6 | 10 | 39 | 26 | 19 |
| Родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на програмите за развој на училиштето | 10 | 19 | 29 | 35 | 6 |
| Училиштето ефикасно ги реализира акциските планови за остварување на целите за развој на училиштето | | 13 | 42 | 29 | 16 |
| Буџетот се користи наменски за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето | 13 | 26 | 32 | 23 | 6 |
| Училиштето обезбедува економичност, ефикасност и правичност во распределување на финансиските средства | 7 | 30 | 40 | 17 | 7 |
| Стручните органи во училиштето се информирани за училишниот буџет и трошењето на средствата | 3 | 27 | 50 | 13 | 7 |
| Училишниот одбор на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес им обезбедува редовни и сеопфатни информации за својата работа | 3 | 23 | 53 | 10 | 10 |
| Раководниот орган го заснова своето работење на тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет | 7 | 27 | 37 | 20 | 10 |

| Анкета со ученици, 140 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Ги знам моите права и обврски во училиштето | 0,7% | 2,9 | 9,3 | 16,4 | 70,7 |
| 2. Запознаен сум со Правилникот за однесување во училиштето и куќниот ред | 2,1 | 5 | 8,6 | 20,7 | 63,6 |
| 3.Учениците ги почитуваат правилата на однесување во училиште | 12,1 | 15,7 | 27,9 | 29,3 | 15 |
| 4.Наставата е интересна, наставниците користат различни начини на работа и разновидни активности | 11,4 | 19,3 | 25 | 22,9 | 21,4 |
| 5.Наставниците ги прашуваат и активираат сите или мнозинството од учениците, а не едни исти ученици | 7,1 | 8,6 | 22,9 | 23,6 | 37,9 |
| 6.Повеќето наставници ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да го искажуваат своето мислење, да поставуваат прашања, да изведуваат заклучоци | 4,3 | 15,7 | 21,4 | 24,3 | 24,3 |
| 7.На часовите наставниците ни даваат задачи и активности преку кои соработуваме меѓу себе и взаемно си помагаме (пример: работа во парови или работа во група) | 7,1 | 12,1 | 23,6 | 25 | 32,1 |
| 8.Од наставниците добивам помош и совети за подобар успех во учењето | 6,4 | 12,1 | 14,3 | 33,6 | 33,6 |
| 9.Наставниците се однесуваат еднакво и правично кон сите ученици | 12,9 | 14,3 | 25 | 28,6 | 19,3 |
| 10.Наставниците користат различни начини на проверување и оценување на знаењето за да се добие реалната оценка за секој ученик | 8,6 | 5 | 24,3 | 26,4 | 35,7 |
| 11.Во училиштето има интересни активности вон наставата (работилници со различни содржини, проекти, акции, посети, секции-како на пример спортска, ликовна, новинарска и др.) | 11,5 | 15,1 | 18 | 18,7 | 36,7 |
| 12.Учениците имаат можност активно да се вклучат при решавање на училишни проблеми | 7,2 | 12,3 | 22,5 | 28,3 | 29,7 |
| 13.Постои соработка меѓу наставниците и учениците | 3,6 | 8,6 | 20,1 | 35,3 | 32,4 |
| 14.Наставниците кон учениците се однесуваат со почит и разбирање | 5,7 | 7,9 | 18,6 | 35 | 32,9 |
| 15.Учениците имаат можност да го искажат своето мислење, да даваат забелешки и предлози | 6,5 | 12,2 | 18,7 | 26,6 | 36 |
| 16.Постои возрасен во училиштето во кој имам доверба и на кого можам да се обратам за помош | 6,4 | 4,3 | 7,1 | 15,7 | 66,4 |
| 17. Во училиште се чувствувам пријатно | 5,7 | 10 | 20 | 30,7 | 33,6 |
| 18.Девојчињата од моето одделение се однесуваат другарски со мене | 2,9 | 6,4 | 15 | 30,7 | 45 |
| 19.Машките од моето одделение се однесуваат другарски со мене | 5,7 | 9,3 | 12,1 | 23,6 | 49,3 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 20. Се води грижа за хигиената во училиштето | 22,1 | 23,6 | 20 | 17,9 | 16,4 |
| 21.Училниците, ходниците и другите простории се убаво уредени | 7,9 | 11,4 | 26,4 | 29,3 | 25 |

| **Анкета со родители,  168 родители** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Задоволен сум од севкупната организација на работата во училиштето | 3,6 % | 11,9 | 36,9 | 25,6 | 22 |
| 2.Во училиштето се почитуваат Правилникот за однесување и куќниот ред | 2,4 | 12 | 35,3 | 24 | 26,3 |
| 3.Информиран сум за наставните планови и програми во училиштето | 4,2 | 10,8 | 14,5 | 27,7 | 42,8 |
| 4.Училиштето подеднакво придонесува за учениците без разлика на полот, етничката припадност или социјалното потекло | 1,8 | 5,4 | 16,7 | 29,2 | 47 |
| 5. Вработените се ангажирани околу однесувањето и безбедноста на нашите деца при нивното доаѓање, за време на одморите и  при нивното заминување од училиште | 8,4 | 11,4 | 21 | 28,1 | 31,1 |
| 6.Постои добра  соработка  меѓу  родителите  и наставниците | 1,2 | 7,8 | 17,5 | 25,3 | 48,2 |
| 7.Во училиштето има атмосфера која обезбедува развој на самопочитување и самодоверба кај учениците | 10,8 | 18,6 | 21,6 | 25,7 | 23,4 |
| 8. Наставата се реализира квалитетно и успешно | 4,2 | 14,4 | 25,1 | 29,3 | 26,9 |
| 9.Наставниците ги почитуваат потребите на учениците | 2,4 | 7,2 | 22,8 | 25,7 | 41,9 |
| 10. Наставниците  применуваат разновидни форми и методи на работа | 3,6 | 13,1 | 19 | 28 | 36,3 |
| 11.Навремено и континуирано ги добивам информациите за постигнувањата  на моето дете | 2,4 | 5,4 | 9 | 22,8 | 60,5 |
| 12.Наставниците користат различни форми и методи на проверување и оценување на знаењето за да се добие реалната оцена за секој ученик | 2,4 | 10,2 | 19,8 | 29,9 | 37,7 |
| 13.Училиштето нуди добар избор на воннаставни активности | 11,4 | 17,4 | 19,8 | 26,3 | 25,1 |
| 14. Задоволен сум од квалитетот на додатната и дополнителната настава во училиштето | 10,1 | 15,5 | 23,8 | 26,8 | 23,8 |
| 15. Задоволен сум од просторните капацитети со кои располага училиштето | 9,6 | 6 | 21 | 26,9 | 36,5 |
| 16. Училишниот простор е безбеден и сигурен | 12,6 | 12 | 25,7 | 27,5 | 22,2 |
| 17.Училниците,ходниците и др.простории се естетски уредени | 5,4 | 10,2 | 31,3 | 29,5 | 23,5 |
| 18.Училиштето бара мислење од родителите и ги зема предвид нивните забелешки и сугестии | 10,2 | 17,5 | 31,3 | 20,5 | 20,5 |
| 19.Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање | 4,8 | 10,8 | 22,3 | 27,1 | 34,9 |
| 20. Училиштето  презема активности за да ги поттикне родителите активно да се вклучат во воспитно-образовната работа на училиштето | 9,6 | 17,4 | 26,9 | 18,6 | 27,5 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 21. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето се добро организирани и достапни на родителите | 7,3 | 17,1 | 28 | 17,1 | 30,5 |
| 22.Училиштето се грижи за квалитетот на храната во училишната кујна | 12,9 | 17,2 | 30,1 | 22,1 | 17,8 |
| 23. Се води грижа за хигиената во училиштето | 12 | 19,9 | 28,3 | 20,5 | 19,3 |

**август 2023 година**